Во далечните 60-ти години кога Дејвид Хокни (David Hockney) ја создава својата прочуена серија слики на калифорниските базени, монументалната градба на европската модерна уметност разнишана од силните потреси е урнатина која полека но сигурно тоне под наслојките "еутрофизирани алги и нечиста пена" наталожени на површината од овој век.

За една од овие слики /A Bigger Splash, 1967, Tate Gallery, London/ работена хипер-реалистично и со цврста геометриска структура разбиена единствено со неконтролираното плискање пена во средината на сликата - Splash минуциозно сликан со мали четкички, тој ќе рече: *Ми се допаѓа идејата дека изгубив две недели за да насликам настан кој трае помалку од две секунди.*

Не знам колку време му било потребно на Гоја (Francisco Jose Goya y Lucientes), чија ретроспектива по повод 250-години од неговото раѓање е поставена во музејот Прадо во Мадрид, да ја наслика црната шпанска чипка околу набрчканиот врат и старечките гради на кралицата Марија Луиза(Alte Pinakothek München) , но веќе одамна ликовната уметност, запоставена и хегеловски надмината во медиумската пародија на едно естетизирано општество, не опстојува како специфичен феномен. Преку постапно разградување на предметот во ликовното дело до разградувањето на ликовното дело како предмет, уметноста се распадна во агонијата на една сеопфатна еутрофизација. Метафизичка експлозија или еден голем SPLASH.

Творечкиот чин сведен на настан кој молскавично се случува, оставајќи зад себе, како флен камен, само трага од пена на површината од застоените води на нашето секојдневие, најчесто, брзо изчезнува од сеќавањето. Но, сепак, постојат настани кои се помнат. Кои зад себе оставаат флуоресцентна трага во длабочините.

Верувам дека сите оние заскитани во замрсениот сплет тесни улички на стариот дел од Скопје кои прејдоа на неговата темна страна и влегоа во таинствениот простор на една напуштена турска бања (Чифте амам, 27, 28 и 29 јули, 1996) го имаа тоа чувство на

СЛИКИ НА МАРГИНИТЕ

# БАЗЕНИ НА ВРЕМЕТО

**ЕМИЛ АЛЕКСИЕВ**

следење на нејасната трага светлина која доаѓа од длабочините.

Старите, напуштени и полуразурнати градби му припаѓаат делумно на сонот, на подземјето на духот. Тие ја имаат амбивалентноста на преодните состојби. Нивната деструкција открива нови сили и форми кои се ослободуваат во процесите на разградување, на враќање во првобитната, елементарна состојба. Тие ја зачувале симболиката на земјата, на подземните простори каде во темнината и влагата рти живот разгранувајќи се во мицелиски сплетови, каде во презаситените примордијални води се пресоздава светот како во телото на



жената. А тоа е она што Платон во Тимај го именува како hora: пре-архе-матрица, матка каде креативната хистерија го овозможува создавањето. Таа е првобитниот праобликувачки простор и подразбира неограниченост на можностите на обликувањето.

Токму во еден таков амбиент беше организиран мултимедијалниот проект Liquor amnii /Плодова вода (инсталации, перформанс, видео). Тука, во темнината на оваа напуштена турска бања започнаа мистериите, таинствените ритуали на обновата и магијатата со која се повикуваат застрашувачките сили на создавањето: во матната светлина на примордијалните води започна раѓањето на новиот живот (Vis Electronica, Мирна Арсовска), од земјата беа отргнати предметите кои ќе го исполнат светот и кои ќе и бидат вратени на земјата (Маса, Кети Нолан); од ѕидовите растеа женски гради, започна чудесната преобразба на водата во млеко, мед и восок, пред првите бестијални богови беа запалени свети огнови и беа создадени првите идоли околу кои играа темни сенки (Птица-жена, Мередит Дејвис); започна удвојувањето на нештата, делбата на светот но и потрагата по изгубеното единство; започна вообличувањето на материјата во првобитните естетски форми, беше откриена убавината (Безвременост, Маргарита Киселичка Калаџиевска), беше откриена смртта, минливоста на нештата но и вечноста (Андрогин, Искра Димитрова); започнаа ритуалите на прочистувањето и повикувањето на Спасителот на светот (Porneia: нечисто/желба, Мери Новотни-Џонс), се откри времето, шумот на вековите (Базени на времето, Мерилин Арсем) и се отвори неговиот загадочен цвет; беше откриена историјата (Flash back, Нора Стојановиќ) и започнаа ритуалите на политиката, култовите на јавниот живот (Македонска социјална пластика, Жанета Вангели) но и на приватниот и нивното разобличување(Свадбени албуми, Маргарет Титмор).

И додека госпоѓа Дејвис испушта ситни крици шетајќи со пердуви во косата (налудничава домаќинка која открила дека е птица како и шпанскиот крал Карло II Малоумниот или некој кој ја осознал својата божествена природа) јас размислував за надежта дека уметноста може да се обнови враќајќи се кон своите извори - кон митот, магијата и ритуалот, за повторното откривање на ирационалното, ониричкото и парадоксалното, но и за Гоја, тој гигантски старец, кој на гнилиот шпански двор каде реата на распаѓањето не може да се прикрие, во матните златновремени огледала на Eskorial, ја виде сета лага на овој свет.

Како и да е, соработката меѓу авторките од САД (Mobius) и од Македонија, ќе продолжи во некои други, далечни "базени на времето", некаде во Бостон,Massachusetts каде можеби ќе се случи чудото на создавањето, а тоа, како и во оваа наша турска бања, зависи пред се од творечката моќ на уметникот.